Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1721/2022

Дата....1.2...09..2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Велес, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и дел од КП 854, КО Сојаклари, Општина Велес.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 5,33 ha. Предвидената моќност на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе биде до 10 MW.

Планскиот опфат граничи со повеќе издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ПИ за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес, со тех.бр.У33510.

Низ планскиот опфат минува траса на веќе уздадени Услови за планирање на просторот наменети за изработка на ПИ за изградба на фекална канализација од село Сујаклари преку село Кумарино до село Мамутчево, Општина Велес, со тех.бр.У19013.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y21822**се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат во КО Сојаклари, Општина Велес, треба да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, дел од КП 853/4 и дел од КП 854, КО Сојаклари, Општина Велес потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјише) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и дел од КП 854 во КО Сојаклари, Општина Велес, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Велес, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 43001 од 10.05.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и дел од КП 854 во КО Сојаклари, Општина Велес.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 5,33 ha. Предвидената моќност на површински солари и фотоволтаични електрани ќе биде до 10 MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, дел од КП 853/4 и дел од КП 854, КО Сојаклари, Општина Велес, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1721/2022 од 09.09.2022 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и дел од КП 854 во КО Сојаклари, Општина Велес, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на дел од КП 851/2, КП 851/3, дел од КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и дел од КП 854 во КО Сојаклари, Општина Велес** и одлучи како во диспозитивот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk